# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

**(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.27 од 15.02.2016 година)**

**Член 1**

Во Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14 и 199/14), во членот 17 став (5) зборовите: „освен за институциите со помалку од 15 вработени, за кои може да бидат систематизирани најмногу две работни места повеќе“ се заменуваат со зборовите: „освен за институции со помалку од 30 вработени, во кои може да бидат систематизирани до 50 работни места, доколку има зголемување на надлежностите на институциите согласно закон кога бројот на работни места се утврдува согласно функционалната анализа“.

**Член 2**

Во членот 18 став (1) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „кој преку информационен систем за управување со човечки ресурси (во натамошниот текст: ИСУЧР) го воспоставува и во електронска форма го води Министерството за информатичко општество и администрација.“.

Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Министерството за информатичко општество и администрација ќе овозможи пристап до ИСУЧР на сите институции од јавниот сектор преку доставување на корисничко име и лозинка за овластените лица од функционерот кој раководи со институцијата.”.

**Член 3**

Во член 19 по ставот (4) се додаваат три нови става (5), (6) и (7), кои гласат:

„(5) Функционерот кој раководи со институцијата должен е да овласти најмалку едно лице за управување со ИСУЧР, а доколку се работи за новооснована институција во рок од два месеци од денот на основањето на институцијата и за тоа во рок од пет дена да го извести Министерството за информатичко општество и администрација.

(6) Министерството за информатичко општество и администрацијае должно во рок од пет дена од приемот на известувањето од став (5) на овој член на електронската адреса на овластеното лице од институцијата да му достави корисничко име и лозинка за пристап до ИСУЧР.

(7) Овластеното лице од ставот (5) на овој член е должно да ги внесе, односно комплетира податоците во Регистарот во ИСУЧР најдоцна во рок од еден месец од денот на приемот на корисничкото име и лозинка од ставот (6) на овој член, како и да ја ажурира секоја настаната промена на податоците во рок од 10 дена од нејзиното настанување.”.

**Член 4**

Во членот 23 став (3) во алинејата 4 сврзникот „и“ се заменува со запирка и се додава нова алинеја 5, која гласи:
„- грижа за дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби и“.

Во ставот (6) зборовите „алинеја 5“ се заменуваат со зборовите: „алинеите 5 и 6“.

Во ставот (7) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен во случаите од став (3) алинеи 5 и 6 на овој член за кои се применуваат прописите од областа на здравствената заштита, инвалидското осигурување или социјалната заштита.“.

**Член 5**

Во членот 46 во воведната реченица зборовите: „7.500 до 15.000“ се заменуваат со зборовите: „2.000 до 3.000“, а по зборот „изрече“ се додаваат зборовите: „за прекршок“.

Во алинејата 1 зборовите: „спротивно на“ се заменува со зборот „согласно“.

По алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:
„- не овласти најмалку едно лице за управување со податоците во ИСУЧР или за тоа не го извести Министерството за информатичко општество и администрација, согласно членот 19 став (5) од овој закон,”.

Во алинеите 2, 3, 4, 5, 6, 11 и 12 кои стануваат алинеи 3, 4, 5, 6, 7, 12 и 13, зборовите: „спротивно на“ се заменуваат со зборот „согласно“.

По ставот 1 се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното лице за управување со податоците во ИСУЧР, ако не ги внесе, односно комплетира податоците во Регистарот во ИСУЧР најдоцна во рок од еден месец од денот на приемот на корисничко име и лозинка за пристап до ИСУЧР, или не ја ажурира секоја настаната промена на податоците во рок од 10 дена од нејзиното настанување, согласно членот 19 став (7) од овој закон.“.

**Член 6**

По членот 46 се додаваат два нови члена 46-а и 46-б, кои гласат:

„Член 46-а

(1) За прекршоците од членот 46 од овој закон, управниот инспектор за вработените во јавниот сектор од член 14 став (1) алинеи 1 и 2 од овој закон, односно трудовиот инспектор за вработените во јавниот сектор од член 14 став (1) алинеи 3 и 4 од овој закон е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

(2) Управниот, односно трудовиот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог и исходот на постапката.

(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 46-б

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

**Член 7**

Функционерот кој раководи со институцијата е должен во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да овласти најмалку едно лице за управување со ИСУЧР.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.